Јавно претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во Општина Битола

ЈППЈЛП Битола

# П Р О Г Р А М А

## За работа за 2021 година

ЈППЈЛП Битола

Битола ноември, 2020 год.

**Програма за работа за 2021 година**

Програмата за работа на јавното претпријатие представува плански документ за организација и начин на извршување на работните задачи и активности, реализација на оперативни активности, анализа на статистички податоци и параметри, предвидени финасиски средства и инвестициони вложувања.

Програмата предвидува работа со корисниците на паркинг простор, работа на пајак служба и работни активности на обележување и одржување на сообраќајна сигнализација на територија на Општина Битола, предвидени согласно изработена сообраќајно проектна документација.

**Основна дејност**

Јавно претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во општина Битола е основано со одлука на Совет на Општина Битола бр.09-49/6 од 23.04.2019 год.

Основна дејност на јавното претпријатие е услужна дејност поврзана со копнен превоз, работи на патишта, паркиралишта, или јавни гаражи и паркиралишта за велосипеди, отстранување на непрописно паркирани возила, обележување на паркинг простори, обележување на патишта и други ознаки, поставување на заштитна ограда, сообраќајни знаци, одржување на сообраќајна сигнализација, одржување на паркиралишта во зимски услови.

**Организациона структура и динамика на работа**

Јавното претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во Општина Битола, е организирано со следната организациона структура:

1. Сектор за јавни паркиралишта и пајак.
    - 1.1 Одделение за јавни паркиралишта и пајак служба;
    - 1.2 Одделение за јавен градски превоз.
2. Сектор за финанскиски, правни и општи работи
    - 2.1 Одделение за финансиско работење;
    - 2.2 Одделение за општо правни работи и човечки ресурси.

Вработени се вкупно 49 работници.

**Сектор за јавни паркиралишта и пајак**

**Работа на одделението за јавни паркиралишта и пајак служба**

Работните активности на одделението во делот на паркиг услугите ќе се вршат според проектна документација со која се дефинирани сообраќајни решенија за зонското паркирање на јавни површини во 3 зони на паркирање и 4 затворени паркизи.

Сообраќајно проектните решенија за зонско паркирање предвидуваат поделба на зоните на позони.

- Зона А е организирана во 9 подзони и 3 затворени паркиралишта. Со три нови сообраќајни решенија зона А е проширена со две нови под зони А10 (паркинг комплекс Стара болница) во која се обезбедни 90 нови паркинг места од кои 3 за инвалидизирани лица и зона А11 (паркинг помеѓу ул 11-ти март и ул Св, Наум, обезбедени 29 паркинг места од кои 1 место наменето за инвалидизирано лице и еден затворен паркинг локација Библиотека на ул. Пеце Матичевски. Обезбедени дополнителни 49 паркинг места од кои 1 за инавлидизирани лица. Вкупниот број на

места за паркирање изнесува 770 од кои 22 места наменети за инвалидизирани лица.

- Зона Б е организирана во 8 подзони. Вкупен броја на места за паркирање изнесува 562 и 9 места се наменети за инвалидизирани лица.
- Зона Ц е организирана во 3 подзони. Во зона Ц припаѓа и паркинг просторот кај спортската сала со вкупно предвидени 175 паркинг места за патнички автомобили, 6 места за инвалидизирани места, 22 места за комби возила и 17 места за паркирање на автобуси. Со ново проектно сообраќајно решение зона Ц е проширена со нова подзона Ц4 локација паркинг Тумбе кафе каде се обезбедени 111 паркинг места од кои 3 наменети за инвалидизирани лица.Вкупниот број на места за паркирање во зона Ц изнесува 468 места за паркирање од кои 15 места наменети за паркирање на лица со инвалидитет.

Со сите сообраќајни проектни решенија обележана е хоризонталната сигнализација и поставена е вертикалната сообраќајна сигнализација.

Аналитички податоци за реализирани активности во период од три години.

АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИ ЗА ПАРКИРАЊЕ

| | затворени паркиралишта | | | | | | | | | | | | зонско паркирање | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Јавор | | | стара автобуска | | | дом на култура | | | спортска сала | | | | | | | | | | | | | | |
| | 2018 | 2019 | 2020 | 2018 | 2019 | 2020 | 2018 | 2019 | 2020 | 2018 | 2019 | 2020 | смс пораки | | | број на клиенти | | | вкупно часови | | | карти | | |
| | влезови | | | влезови | | | влезови | | | влезови | | | 2018 | 2019 | 2020 | 2018 | 2019 | 2020 | 2018 | 2019 | 2020 | 2018 | 2019 | 2020 |
| ЈАНУАРИ | нп | нп | 4295 | нп | нп | 4820 | нп | нп | 16540 | нп | нп | 2395 | нп | 19007 | 28180 | нп | 9250 | 13731 | нп | 19102 | 27964 | нп | 9484 | 20401 |
| ФЕВРУАРИ | нп | нп | 4567 | нп | нп | 5021 | нп | нп | 19338 | нп | нп | 2242 | нп | 22020 | 32111 | нп | 10680 | 15764 | нп | 22781 | 32935 | нп | 13646 | 22265 |
| МАРТ | нп | 4498 | 3879 | нп | 5230 | 3680 | нп | 16284 | 9669 | нп | нп | 1232 | нп | 26130 | 18923 | нп | 12637 | 9278 | нп | 26524 | 19117 | нп | 15272 | 14373 |
| АПРИЛ | нп | 4826 | 2017 | нп | 4781 | 1657 | нп | 15770 | 1688 | нп | нп | 229 | нп | 25447 | 9401 | нп | 12258 | 4474 | нп | 25610 | 8939 | нп | 15490 | 9588 |
| МАЈ | нп | 4812 | 4386 | нп | 5208 | 3423 | нп | 16624 | 4333 | нп | нп | 1231 | нп | 26365 | 16567 | нп | 12767 | 8223 | нп | 26843 | 16594 | нп | 13940 | 14253 |
| ЈУНИ | нп | 3356 | 4538 | нп | 2612 | 4527 | нп | 10590 | 12089 | нп | нп | 2520 | нп | 18395 | 25741 | нп | 8779 | 12545 | нп | 19396 | 24920 | нп | 8421 | 20807 |
| ЈУЛИ | нп | 0 | 5005 | нп | 0 | 5060 | нп | 0 | 14675 | нп | нп | 2854 | нп | 0 | 27350 | нп | 0 | 13238 | нп | 0 | 26801 | нп | 0 | 19743 |
| АВГУСТ | нп | 0 | 4425 | нп | 0 | 4948 | нп | 0 | 14624 | нп | нп | 2942 | нп | 0 | 26614 | нп | 0 | 13006 | нп | 0 | 26722 | нп | 0 | 19466 |
| СЕПТЕМВРИ | 3627 | 4061 | 5706 | 5538 | 6464 | 5113 | 14381 | 13883 | 16428 | нп | нп | 2654 | 27076 | 15861 | 30287 | 12927 | 7604 | 14894 | 26866 | 16250 | 30547 | 15589 | 11348 | 22629 |
| ОКТОМВРИ | 4939 | 4687 | 5746 | 5468 | 5739 | 5353 | 16945 | 17550 | 16532 | нп | нп | 2452 | 26913 | 30092 | 29380 | 12995 | 14686 | 14439 | 26533 | 30413 | 30520 | 16711 | 22714 | 23531 |
| НОЕМВРИ | 4986 | 4883 | 5472 | 5750 | 5587 | 4976 | 17595 | 19506 | 11948 | нп | нп | 1950 | 26712 | 32943 | 25403 | 12825 | 15964 | 12366 | 27620 | 33251 | 25341 | 15824 | 23002 | 20680 |
| ДЕКЕМВРИ | 4950 | 4997 | | 5453 | 5646 | нп | 18463 | 19957 | нп | нп | нп | | 28244 | 35242 | | 13303 | 17107 | | 29676 | 35913 | | 15423 | 23534 | |
| ВКУПНО | | 36120 | 50036 | | 41267 | 48578 | | 130164 | 137864 | 0 | | 22701 | | 251502 | 269957 | | 121732 | 131958 | | 256083 | 270400 | | 156851 | 207736 |

**Работа на одделот за Хоризонтална сигнализација**

Одделот за обележување на хоризонтална сигнализација своите активности ги врши според Програмата за одржување на комунални објекти и инсталации, локални патишта и улици во Општина Битола, во делот на Одржување на хоризонтална сигнализација- пешачки премини, врз основа на одобрена проектна документација од надлежни органи и под стручен надзор од овластено лиценцирано лице. Работните активности се изведуваат на површина од 12.500 м$^2$ со специјализирано возило за обележување на патишта.

Одделот за сообраќајна сигнализација два пати годишно врши обележување на сите паркинг места на територијата на Општина Битола.

**Работа на пајак служба**

Одделот за работа на пајак службата активноста ја дефинира во соработка со министерството за внатрешни работи и врши отстранување на непрописно или неправилно паркирани возила и или возила кои го попречуваат безбденото движење на пешаците.

**Сектор за финансиски, правни и општи работи**

Секторот своите активности ги врши во делот на правата и обврските на вработените во претпријатието, целокупната правна работа на претпријатието, изготвување на актите како и целокупното архивско работење, ја спроведува целокупната постапка за јавните набавки согласно законската регулатива, Ги подготвува договорите за повластено паркирање и води грижа за нивна

важност. Секторот води комплетна финасиска книговодствена евиденција на работењето на претпријатието.

**Планирани активности и инвестициони вложувања за 2021 година**

Планираните активности на работата на јавното претпријатие ќе бидат во насока на подобрување на системот на паркирање, негово осовременување, зголемување на бројот на паркинг места, преземање на мерки за поправка, санирање и асфалтирање на постоечките паркинг простори, навремено квалитетно бојадисување и одржување на хоризонталната сигнализација, посебно делот на пешачките премини, континуирано подигање и отстранување на возилата кои се непрописно паркирани, возила кои го попречуваат безбедното движење во сообраќајот.

**Планирани активности во паркинг системите**

1. Реализација на ново сообраќајно решение на затворениот паркинг простор Стара автобуска, Проектната документација предвидува преуредување на паркингот и добивање на плус 10 нови паркинг места. Со проектното решение се предвидува и уредување на постоечката состојба со коцката.
    - Планирани средства за реализација 500.000 денари
2. Отворање на нов паркинг простор на локација на ул. Браќа Џаферови (поранешни бараки на УЈП). Со сообраќајно проектна документација за која е добиено решение за траен режим на сообраќај обезбедени се 28 нови паркинг места.
    - Планирани средства за реализација 2.000.000 денари.
3. Отворање на нов паркинг простор на локација во близина на новата Џамија на ул. Цане Василев. (во тек е изработка на потребната проектна документација).
4. Отворање на паркинг простор позади Широк Сокак на локација со влез од ул. Лазо Трповски.
5. Комплетно уредување на паркингот кај спортската сала. Уредувањето предидува асфалтирање, преместување на влезот на паркингот и негово ново осветлување. (Проектана докумнтација е во изработка)
6. Решавање на проблемите со паркирање во колективните домаќинста и тоа
    - Ставање во функција на паркингот на ул.13-ти јули;
    - Ставање на паркингот на ул. Народни Херои, позади т.н. Докторска зграда кај болницата.
        - Планирани средства 1.500.000 денари

**Инвестициони вложување во паркинг системи**

За осовременување на паркинг системите за наредната година се предвидува доработка на софтверот за работа во делот на прибирање на статистичките податоци со цел зголемување на ефикасноста на наплата на услугите.

Во делот на работа со затворени системи согласно динамиката на отворање се планира за секој затворен паркинг да се направи набавка на нови системи за рампи. Предвидени се 5 системи (три системи од оваа година и два системи за наредна година).

- Планирани средства 4.000.000 денари

**Одржување на сообраќајна (хоризонтална и вертикална) сигнализација**

Одржувањето на сообраќајната сигнализација ќе се врши според Програмата за одржување на комунални објекти и инсталации, локални патишта и улици во Општина Битола,

Како новитет се планира на определен број на пешачки премини во централно градско подрачје кои се најоптеретни со сообраќај да биде пешачкиот премин направен со ладна пластична маса.

- Поставување на ладна пластична боја 100м²;
    - Планирани 120.000 денари.
- Одржување на хоризонтална сигнализација:
    - Планирано одржување на 12.500м² пешачки премини;
    - Планирани средства 2.100.000 денари.
- Одржување на вертикална сигнализација:
    - Планирани средства 1.000.000 денари
- Поставување на столбчиња и останата опрема за сообраќајна сигнализација:
    - Планирани средства 1.000.000 денари.

**Планирани приходи за 2021 година**

За 2021 година се предидуваат приходи од паркирање, приходи од работа на пајак служба и приходи од одржување на сообраќајна сигнализација и тоа во следните вредности.

| опис | денари |
|---|---|
| Приходи од повластено паркирање (правни и физички лица и мобилни оператори) | 7.700.000,00 |
| Продажба на билети зонско парирање | 5.700.000,00 |
| Приходи од затворени паркиралипта | 4.790.000,00 |
| Приходи од обележување на хоризинтална сигнализација (пешачки премини) | 2.100.000,00 |
| Приходи од работа на пајак служба | 2.600.000,00 |
| Одржување на вертикална сигнализација | 1.000.000,00 |
| Поставување на столбчиња и останата опрема за сообраќајна сигнализација | 1.000.000,00 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **24.890.000,00** |

**Предвидени расходи за 2021 година**

| опис | денари |
|---|---|
| Плата за вработени - бруто | 13.500.000,00 |
| Услуги на агенција за вработување | 3.100.000,00 |
| Потрошени суровини и материјали (градежни материјали, боја за обележување) | 500.000,00 |
| Потрошени помошни материјали (ситна штрафовска роба) | 30.000,00 |
| ХТЗ опрема | 120.000,00 |
| Потрошени канцелариски материјали | 110.000,00 |
| Билети | 300.000,00 |
| Потрошен материјал за чистење и одржување | 50.000,00 |
| Потрошени материјали за заштита при работа | 120.000,00 |
| Потрошено гориво за транс.средства | 600.000,00 |
| Потрошена електрична енергија | 200.000,00 |
| Резервни делови | 200.000,00 |
| Трошоци за ПТТ услуги, мобилна и фиксна телефонија и интернет и карго | 450.000,00 |
| Надворешни услуги (поправки, изработка на проекти и елаборати, сервисни услуги и др) Системи за паркинзи, поправки на возила | 1.400.000,00 |
| Услуги за обезбедување и заштита | 120.000,00 |
| Трошоци по договор за дело | 25.000,00 |
| Други услуги (БЈН, услуга од АВВ и др) | 200.000,00 |
| Дневници за службени патувања | 30.000,00 |

| | |
|---|---|
| Трошоци за управни органи | 20.000,00 |
| Спонзорства и донации | 100.000,00 |
| Трошоци за репрезентација | 100.000,00 |
| Трошови за осигурување | 85.000,00 |
| Банкарски услуги и платен промет | 70.000,00 |
| Трошоци за технички преглед | 60.000,00 |
| Трошоци за семинари и обуки | 30.000,00 |
| Трошоци за членарини | 25.000,00 |
| **Вкупно расходи** | **21.545.000,00** |

Програмата за работа на јавното претпријатие во 2021 година ќе се финансира од сопствени средства по пат на наплата од користење на услугата паркирање на јавните паркиралишта, средства од работа на пајак службата, средства од Општина Битола планиарани согласно Годишни програми за работа.

Планираното остварување и реализирање на програмата за работа зависи од приливот на финансиските средства од работењето, искористувањето на постојаните капацитети, трошоците од работењето, начинот и формата на наплатата на дадените услуги, трошоците за тековно одржување на објектите и сл.

ЈППЈЛП Битола

Битола

----------------------------------------------------